

*Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:*

# Методолог во Служба за контрола на усогласеност со прописи

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

**Квалификации:**

- Високо образование
- Работно искуство од најмалку 5 години  (работно искуство во областа на усогласеност со прописите се смета за предност);
- Добро познавање на законската регулатива од областа на банкарското работење и останата регулатива која е од влијание на работењето на Банката;
- Одлични способности за тимска работа, комуникација и меѓучовечки односи;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Напредно познавање на MS Office.

## Работни активности:

- Ја следи законската регулатива од областа на банкарското работење и останата регулатива која е од влијание на работењето на Банката;
- Дава насоки и предлози за усогласување и имплементирање на нова законска регулатива;
- Соработува со останатите организациони единици во Банката во насока на стручна и советодавна помош на Дирекциите во Банката од областа на усогласеност со банкарската регулатива и банкарската добра практика;
- Врши систематизирање и стандардизирање на интерните акти на Банката;
- Врши контрола на интерните акти од аспект на нивна усогласеност со банкарската регулатива и банкарската добра практика;
- Учествува во изработка на интерни извештаи и комуникација со надворешни институции;
- Учествува во изработка на нови и измена на постоечки интерни акти;
- Дава насоки за правилна примена на прописите во форма на препораки, вклучително и препораки за измена на соодветите интерни акти;
- Ги идентификува и следи ризиците од неусогласеност на работењето на Банката со прописите, вклучувајќи и следење на поплаките од клиентите на Банката;
- Извршува тековни и останати работи по налог на Раководителот на Службата.

Работното време е 40 часа неделно.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk,**најдоцна до 18.06.2026 година.**

***Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.**

**Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk**